РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 18. 05. 2012 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1862/1 | | |

Архивски знак: 0706
Рок на чување: трајно
18.05.2012 г.
Потпис,

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **музичко образование** за V одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА
ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
АУТИЗАМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

V ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје

# 1. ВОВЕД

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и таа треба да има свое значајно место во воспитанието и образованието. Целта на наставата по музичко образование е децата да ја засакаат музиката, кај нив да се поттикне желба за активно занимавање со неа: да пеат, свират и слушаат музика, да ги развијат своите музички способности.

Музичкото образование како задолжителен предмет за учениците од I до IX одделение треба да го оспособи ученикот да стане активен корисник и чинител на музичката култура, како во училиштето, така и во секојдневниот живот.

Предметот музичко образование во наставниот план е застапен со по 2 часа неделно, односно 72 часа годишно

Заедно со ликовното образование и другите соджини присутни во одредени предмети, музичкото образование треба да влијае врз облагородување на учениците, развојот на нивните естетски чувства, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност, за да им се овозможи постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.

Изучувањето на музиката, од најраните години во развојот на детето, е идеално за комплексното делување врз детската личност, за силно поттикнување на позитивните емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста. Музичкото образование треба да даде значаен придонес во развојот на ученикот, во стекнувањето на култура на однесувањето, како и во поттикнување на музичкото изразување.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги спознава основните музичко-изведувачки активности (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичкоритмички активности), како и слушањето музика;
- да ужива во убавината на музиката;
- да ги развива музичките способности;
- вербално да се изразува за слушаната музика;
- да се поттикнува да пее, свири, игра, слуша музика и да ги осознава своите претпочитувања во музичката дејност;
- да се ослободи од стрес, емоционална напнатост преку слушање музика и омилените видови на музичката дејност;
- да ги открива своите музички претпочитувања и претпочитувања на другите;
- да ги почитува своите претпочитувања и претпочитувањата на другите;
- да се запознае со посложени музички дела од различни стилови и жанрови, како и со примери од народното музичко творештво;
- да го усвојува нотното писмо;
- да го применува читањето на нотниот текст во музичко-изведувачките активности (пеење, свирење на ДМИ, музичко изразување и творење);
- да ги усвојува музичко-теориските поими;
- да ги препознава на слух музичките карактеристики и да ги именува со музичко-теориските поими;
- да стекне позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;
- да ги знае основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- одговорно да ги извршува задачите;
- да покажува смисла и желба за тимско работење;
  да покажува толеранција;
- да покажува подготвеност да му помогне на другиот;
- да ја користи информативната компјутерска технологија во музичкото изразување.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува да применува правилна вокална интерпретација;
- да се поттикнува да го развива опсегот на гласот;
- да се поттикнува да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
- да развива навики за активно слушање музика;
- да препознава и именува основни видови на темпо;
- да препознава и именува основни видови на динамика;
- да се поттикнува да свири на ДМИ (мелодиски и ритмички);
- да се воведува во музичката граматика;
- да се поттикнува за позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;
- да се воведува во спознавањето на основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување;
- да се поттикнува емоционалниот развој;
- да се поттикнува развојот на социјалната компонента;
- да го коригира неадекватното однесување;
- да ги знае новите аспекти на музичката околина;
- да се оспособи за слушање и имитирање на познати фрази и да се поттикнува за сопствено музичко изразување;

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ПЕЕЊЕ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да го развива опсегот на гласот;<br>❖ да развива чувство за ритам, да идентификува определен ритам, утврдува основни ритмички соодноси;<br>❖ да пее песни различни по содржина и карактер со примена на соодветно темпо и динамика;<br>❖ да пее ноти со тактирање;<br>❖ да развива способност за двогласно пеење по слух (преку интерпретација на ка-нони);<br>❖ да го сфати поимот канон. | Пеење по слух: детски, уметнички, народни песни и песни поврзани со државни и верски празници различни по содржина и карактер<br><br>Пеење по ноти: елементарни мело-диски вежби и пес-ни (со употреба на тоновите до1- до 2 во траење цела и осмина нота)<br><br>Двогласно пеење по слух: Пеење двогласни канони (научени во четврто одделе-ние) како едногла-сни песнички | Двогласно пеење<br><br><br><br><br>Канон | o Пеење песни по слух, различни по содржина и карактер (пр., пее песни за годишните времиња, детски песни, народни песни и др.<br>o Вежби за правилно пеење, држење на телото и правилно дишење.<br>o Посета на аматерски или професионален хор или музичко училиште – соло пеење.<br>o Изведба на бројалки со точен ритам и јасна дикција со примена на двојна поделба на удар.<br>o Пеење неутрален слог, пеење со текст, внимавање на правилна вокална интерпретација.<br>o Пеење песни различни по содржина и карактер според постапката на учење песна по слух (пр,: учење на песни за годишните времиња, детски песни, народни по слух песни и др.).<br>o Пеење на кратки мелодиски мотиви со употреба на тоновите до1-до2 ( пр., наставникот го пее мотивот, а учениците го повторуваат на неутрален слог.<br>o Пеење на елементарни вежби и песни.<br>o Изведба на канонот „Медо и мед” двогласно по слух. |

| 2. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (ориентационо 25 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да ги препознава и применува тоновите си1 и до2;<br>❖ да го усвои поимот тонска скала;<br>❖ да ги усвои елементите на тонската скала (стапало, степен, тетракорд);<br>❖ да ја препознава и применува**C-dur** скала;<br>❖ да го усвои поимот интервал;<br>❖ да го усвои поимот прима, секунда и октава;<br>❖ да го усвои стручниот поим темпо и ознаките за основните видови темпо и постепените промени на темпо;<br>❖ да разговара за изгледот и примената на метрономот;<br>❖ да го усвои стручниот поим динамика и ознаките за основните видови и постепените промени на динамиката; | Положбата на тоновите си1 и до2 на петтолиние (ноти)<br><br>Тонска скала<br><br>C-dur скала<br><br>Интервали: прима, секунда и октава<br><br>Темпо<br><br>Динамика | Положбата на тоновите на петолиние (ноти):<br>- си 1<br>- до 2<br>Тонска скала<br>Интонација<br>Степен (цел степен, полустепен)<br>Стапало<br>Тонски род<br>- дур<br>- C-dur скала<br>Тетракорд<br><br>Именување:<br>- интервал<br>- прима<br>- секунда<br>- октава<br><br>Бавно<br>Умерено<br>Брзо<br>Забавување<br>Метроном | o Вежби за запишување и визуелно препознавање на тоновите си1 и до2.<br>o Пеење и свирање на мелодиски вежби на тоновите си1 и до2.<br>o Вежби за запишување и визуелно препознавање на скалата C-dur и нејзините елементи.<br>o Пеење и свирење на скалата C-dur и нејзините елементи.<br>o Пеење и свирење на мелодиски вежби во скалата C-dur со анализа на нејзините елементи кои се сретнуваат во вежбите.<br>o Вежби за запишување и визуелно и слухово препознавање на интервалите: прима секунда и октава.<br>o Пеење и свирење на интервалите: прима секунда и октава ( мелодиски вежби).<br>o Запознавање на основните изрази за основните видови темпо и постепените промени на темпо (на мајчин јазик).<br>o Пеење и свирење на основните видови темпо и постепените промени на темпо (на мајчин јазик) и примена при слушање музика.<br>o Пеење и свирење со примена на метроном.<br>o Запознавање со основните видови динами-ка и постепените промени на динамиката.<br>o Пеење и свирење со примена на основните видови динамика и постепена промена на динамиката при слушање на музика.<br>o Вежби за запишување и визуелно препознавање, изговарање и свирење на ритмички вежби со осмина и цела нота и пауза.<br>o Пеење и свирење на мелодиски вежби со осмина и цела нота и пауза. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да препознава и применува цела и осмина нота;<br>❖ да препознава и применува цела и осмина пауза;<br>❖ да го усвои поимот такт;<br>❖ да доживее силни и слаби тактови времиња;<br>❖ да ги усвои поимите „теза" и „арза";<br>❖ да ги препознае и применува тактовите 2/4, 3/4, 4/4;<br>❖ да ги препознава и применува знаците за продожување на нотната вредност – лак и точка. | Цела и осмина нота<br>• цела и осмина пауза<br>• 2/4, 3/4, 4/4 тактови<br>• знаци за продолжување на нотната вредност (лак, точка) | Пијано (п)<br>Форте (ф)<br>Крешендо (<)<br>Декрешендо (>)<br>Цела нота<br>Осмина нота<br>Цела пауза<br>Осмина пауза<br>Такт<br>Теза<br>Арза<br>Музички метар<br>Знаци за продолжување на нотната вредност<br>Лак<br>Точка | o Слушање на музички примери и воочување на силни и слаби времиња преку тактирање.<br>o Визуелно прикажување на „теза" и „арза".<br>o Препознавање на „теза" и „арза" во музички примери.<br>o Визуелно прикажување на различни примери на „теза" и „арза" – такт и неговите видови спо-ред бројот на времињата (дводелен, триделен, четириделен).<br>o Вежби за визуелно препознавање и изговарање, пеење и свирење на мелодиски вежби во 2/4, 3/4, 4/4.<br>o Посета на музички оркестар и музичко училиште.<br>o Вежби за визуелно препознавање и изговарање , пеење и свирење на мелодиски вежби со знакот за продолжување – лак и точка, поединачно и во комбинација. |

## 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (ориентационо 15 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да развива способност за целосно слушање на музичко дело (или заокружен фрагмент);<br>❖ да дискутира за впечатоците од музиката;<br>❖ да доживува изведба во основни видови на темпо и постепени промени на темпо;<br>❖ да доживува изведба со основните видови на динамика и постепени промени на динамиката;<br>❖ да развие способност за воочување и именување на основните видови на темпо и промените на темпото во музичките дела;<br>❖ да развие способност за воочување и именување на основните видови на динамика постепените промени на динамиката; | Вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од различни стилови и жанрови, различни по карактер и содржина<br><br>Вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела во основни видови на темпо и промени на темпото<br><br>Вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела со основни видови на динамика и промена на динамиката | Вокална музика<br><br>Инструментална музика<br><br>Вокално-инструментална музика<br><br>Темпо<br><br>Динамика<br><br>Карактер<br><br>Изведба во бавно темпо<br><br>Изведба во брзо темпо<br><br>Изведба со забавување<br><br>Изведба со забрзување | o Слушање на „Пештера на Шумскиот крал” од суитата „Пер Гинт” на Е. Григ: информација за композиторот и делото.<br>o Повеќекратно слушање со различни задачи (истата композиција се користи и за доживување, воочување и именување на изведба со забрзување и постепена промена на звучноста крешендо).<br>o Слушање на вокални и вокално-инструментални музички дела по избор на наставникот (според горенаведената постапка).<br>o Слушање на делото „Зима” (II став, фрагмент до1:05) од циклусот „Годишни времиња” на А. Вивалди според горенаведената постапка. Додатна цел: до живување, воочување и имену-вање на изведба во бавно темпо.<br>o Слушање на делото “Бумбаров лет” од Н. Римски-Корсаков според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на изведба во брзо темпо.<br>o Слушање на делото „Радецки – марш“ од Ј. Штраус според горенаведената постапка. Додатна цел: до живување, воочување и именување на звучност форте.<br>o Слушање на делото „Приспивна песна” од Ј. Брамс според горенаведената постапка. Додатна цел: до живување, воочување и именување на звучност пијано. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да доживува мотив и фраза во музичко дело по слух;<br>❖ да воочува и препознае мотив и фраза во музичко дело по слух. | Елементи на музичката граматика во музичко дело | Звучност пијано звучност форте<br><br>Постепена промена на звучност крешендо<br><br>Постепена проме на на звучност де крешендо<br><br>Мотив<br><br>Фраза | o Слушање на делото „Ехо” од О. Ласо според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, во очување и именување звучност форте и пијано (контраст форте - пијано).<br>o Слушање на делото „Утро” од суитата „Пер Гинт” на Е. Григ (фрагмент од почеток) според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на изведба во умерено темпо со постепена промена на звучноста крешендо.<br>o Слушање на делото „Кенгури” од циклусот „Карневал на животните” на К. Сен-Санс според горенаведената постапка. Додатна цел: доживување, воочување и именување на изведба со забрзување, забавување и постепена промена на звучност крешендо и декрешендо.<br>o Слушање Тешкото (народно) според горенаве-дената постапка. Додатна цел: доживување, воочу вање и именување на изведба со забрзување и постепена промена на звучност крешендо.<br>o Слушање на „Приспивна” за пијано од Филип според горенаведената постапка. |

## 4. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (ориентационо 8 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да се поттикнува правилно да свири на ДМИ (ритмички);<br>❖ да ја развива техниката на свирење на блок флејта;<br>❖ правилно да употребува прсторед на тонови-те си1- до 2;<br>❖ да се воведува во ансамблово свирење на две мелодиски линии (делници);<br>❖ да развива способност за колективно музицирање. | Свирење по ноти: ритмички вежби со осмина нота и осмина пауза (ритмички инстру-менти)<br><br>Мелодиски вежби за Блок флејти ( опсег од до1- до2 )<br><br>Вежби со знаци за продолжување на нотната вредност-лак и точка<br><br>Свирење по слух:<br>– двогласни канони (врз база на претхо-дно научени напамет едногласни мелодии на канон) | Инструментален состав<br><br>Канон | o Свирење на ритмички вежби (утврдување на осмини ноти и паузи).<br>o Свирење на мелодиски вежби (утврдување на осмини ноти и паузи, и тоновите до1- ла1 и примена на тоновите си1 и до2 ).<br>o Свирење на ритмички и мелодиски вежби со знаци за продолжување на нотната вредност-лак и точка.<br>o Свирење на двогласни канони со опсег од до1 – до2.<br>o Свирење на едноставни партитури со ритми-чки и мелодиски инструменти (пр.: мелодија кај блок флејти и придружба со ритмичките инструменти). |

## 5. МУЗИЧКА ГРАМАТИКА (ориентационо 4 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да се поттикнува да ја доживее фразата преку поврзаноста на музиката со литературниот текст;<br>❖ да се потттикнува да го усвои поимот фраза преку споредба на литературниот текст со нотниот текст;<br>❖ да ја препознава фразата во песната и вежбите. | Фраза (двотакт) | Фраза | o Повторување на активностите од IV одделение (мотив) преку песната „Зима, зима”.<br>o Изразно читање на литературниот текст на песната „Зима, зима” со јасна дикција и динамичко нијансирање.<br>o Текст на песната: „Зима, зима снегот снежи, студот стега, секој бега”.<br>I активност: Воочување и препознавање на стихови (фрази) во песната.<br>II активност: Наставникот го пее литературниот текст, а учениците треба да ги воочат фразите во песната.<br>III активност: Наставникот пее фрази по ноти, а учениците ја повторуваат мелодијата со зборови (стихови).<br>o По истата постапка може да се воочи фразата во други песни, вежби преку свирење на ДМИ и др. |

## 6. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО (ориентационо 7 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да го усвои поимот фолклор;<br>❖ да го усвои поимот музички фолклор;<br>❖ да ги воочува и разликува основните карактеристики на фолклорот и музичкиот фолклор;<br>❖ да ги препознава и именува народните песни според содржината;<br>❖ да стекнува позитивен став кон народното музичко творештво. | Фолклор<br><br>Музички фолклор<br><br>Поделба на народните песни според содржината | Фолклор<br><br>Музички фолклор<br><br>Народна песна | ○ Усвојување на поимот фолклор преку проектни активности.<br>○ Собирање на разни елементи од фолклорот.<br>○ Усвојување на поимот музички фолклор преку проектни активност.<br>○ Собирање на разни елементи од музичкиот фолклор.<br>○ Усвојување на поимот народна песна преку проектни активности:собирање на разни видови народни песни од разни краишта. |

| 7. МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ (ориентационо 3 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да ги развива креативните способности;<br>❖ да развива способност за воочување на убавото во вокалната интерпретација;<br>❖ да се поттикнува да развива критичност и самокритичност;<br>❖ да се поттикнува да го применува знаењето од ИКТ во наставата по музичко образование. | Содржини од сите наставни теми | | o Ликовно и литературно изразување на изучените песни и слушаните дела.<br>o Свирење на фрази со ДМИ- (ритмички и мелодиски).<br>o Пеење на народни песни според различни по со држина (концерт на ниво на одделение).<br>o Пребарување на Интернет податоци на тема: „Фолклор - народно творештво". |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот музичко образование во V одделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставни програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности. Обезбедување соодветен „педагошки амбиент" кој е добро структуиран согласно неговите/нејзините потреби е еден од предусловите за напредување на ученикот/ученичката. Акцентот при планирањето треба да биде на одредени услови без кои нема да биде можно да се реализира воспитно-образовниот процес (адекватното образовен модел и пристап за секој ученик при што ќе се обезбеди оптимално развивање на вештините во сферата на социјалната партиципација и интеракција како и во развивањето на естетските чувства).

Наставникот треба да пружа соодветни и едноставни вербални, акустички и визуелни информации, а задачите (налозите) и нивната реализација да бидат планирани како куси, сукцесивни и едноставни чекори.

При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секој ученик/ученичка при музичкото изразување и да се обидува да создава атмосфера на емоционално доживување, како и социјална музичка интеракција помеѓу учениците со аутизам.

Неделниот фонд на часови е 2 часа, а годишниот фонд на часови е 72 часа.

*Годишен фонд на часови (ориентационо)*

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Пеење | 10 |
| 2. | Музичка писменост | 25 |
| 3. | Слушање музика | 15 |
| 4. | Свирење на детски музички инструменти | 8 |
| 5. | Основи на музичките форми | 4 |
| 6. | Народно музичко творештво | 7 |
| 7. | Музичко изразување и творење | 3 |
| | **Вкупно** | **72** |

Наставни средства:

- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.)
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик/ученичка. На крајот на годината учениците со оценуваат со бројчана оценка

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор и за наставни средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по музичко образование во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по музичко образование за петто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден 10.05.2012

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 11-2182/5
15.05.2012 год.
Скопје

Министер,

м-р Панче Кралев